# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Септември, 2023 - Број **103**



# СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-5
**Настани**



Стр. 6
**Пресек**



Стр. 7-11
**Актуелно**



Стр. 12-17
**Хроника**



Стр. 18-20
**Интервју**



Стр. 21-23
**Култура**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**




# ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА

Изминативе летни месеци, Општина Гевгелија спроведе акција за промоција на туристичките потенцијали и погодности на Општината. На граничниот премин „Богородица“, младите волонтери на ОО Црвен крст - Гевгелија им делеа промотивни материјали на патниците што влегуваа и излегуваа од нашата земја. Целта на акцијата беше што поголем број странски, но и домашни туристи, да се запознаат со туристичките капацитети и природни богатства во општина Гевгелија. Имено, неодамна Општина Гевгелија заедно со сите туристичките чинители го креираше туристичкиот идентитет со слоганот „Gevgelija - Spice up the journey“, којшто претставува важен елемент за туристичка промоција на градот и околината.



# ЗА ПРВПАТ ВО ГЕВГЕЛИЈА ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА И ВИНО „ВКУСИ ГО ЈУГОТ“



Гевгелија одамна немала такво колективно доживување: на едно место над 8.000 луѓе од регионот и соседството да уживаат во вкусовите на локални вина и гастрономија, богата и разновидна музичка програма и прекрасна забава. Општина Гевгелија за првпат го организираше TASTE THE SOUTH Фестивал, којшто на крајот од летото предизвика многу емоции, забава и дружење на сите генерации. Позитивната енергија беше двонасочна: од бината кон публиката и обратно. Едноставно, сите уживаа во „Вкусот на југот“, од најмладите до најстарите постители. А, заеднички именител на првиот фестивал беше констатацијата дека на Гевгелија и требаше ваква културна манифестација.

Фестивалот TASTE THE SOUTH за првпат се одржува во Гевгелија и, всушност, претставува дел од Стратегијата за развој на туризмот во Општина Гевгелија. Имено, минатата година, од страна на градоначалникот на општина Гевгелија беа иницирани повеќе активности за поголема искористеност на туристичките потенцијали под ова поднебје. За таа цел, беше изработена посебна Стратегија и утврден туристичкиот идентитет на општината, за афирмација на туристичките погодности, но и на: природните убавини, богатата и традиционална кујна, културниот и здравствено-рекреативниот туризам. Во рамките на целиот проект беше изработен туристичко-пропаганден материјал, а Општина Гевгелија се промовираше на неколку афирмирани туристички саемски манифестации во регионот.

Со Фестивалот TASTE THE SOUTH финишираа активностите за промоција на туристичките погодности, но и богатата гастрономска и културна традиција, локални производи и ракотворби на ова поднебје. Станува збор не само за значаен туристички туку и културен настан, бидејќи понуди богата, разновидна и квалитетна културна понуда. Најголемиот број од учесниците на Фестивалот беа локални изведувачи, афирмирани пеачи и артисти од земјата, кои успеаја да ја анимираат бројната публика и да и приредат незаборавна забава. Илјадници посетители аплаудираа, играа и пееја заедно со стотината учесници, кои продефилираа на бината. За прекрасната забава подеднакво беа „виновни“ изведувачите, но и публиката, која уживаше не само во забавата туку и во понудата.

За одбележување е учеството и презентацијата на локалните винарии, производители на храна, угостители, кои им овозможија на посетителите и гастрономско доживување и уживање во изложените уметнички дела и ракотворби. Под 20 големи шатори, повеќе од 50 изложувачи, производители на пијалоци, храна, како и ракотворби и уметнички предмети, ги презентираа своите пороизводи и дела. Игралиштето при ООУ „Владо Кантарџиев“, крај булеварот „Гевгелија“, претставуваше погодна локација за одржување на еден ваков голем настан - со голем број излагачи, гости и неопходната логистика. Бидејќи, во ниту еден момент не ги нарушуваше сообраќајниот режим, урбаниот простор и животната средина. Треба да се одбележи дека Фестивалот мина без никакви инциденти, во прекрасно фестивалско дружење и забава за сите генерации, за што, секако, свој придонес имаше и одличната и успешна организација.

Затоа и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на крајот од Фестивалот упати честитки до „Крафт“ Продукција и вработените во општинската администрација, кои се погрижија организацијата да биде на високо ниво:

- TASTE THE SOUTH Gevgelija допре до сите нас и е потврда дека на Гевгелија и требаше ваква културна манифестација. Докажавме дека Гевгелија заслужува манифестација од таков карактер, организирана на едно достојнио и културно ниво. Сакам да се заблагодарам на моите гевгеличани, кои дадоа безрезервна поддршка за настанот, благодарност до учесниците, гостите, спонзорите и сите оние кои на каков било начин го помогнаа настанот. Верувам дека TASTE THE SOUTH ќе прерасне во една убава традиција, изјави Сарамандов.

Воопшто нема сомневања дека Гевгелија со TASTE THE SOUTH доби уште еден препознатлив бренд.

**Успешен старт на Фестивалот на храна и вино**

# ГЕВГЕЛИЧАНИ СО ВООДУШЕВУВАЊЕ ГО „ВКУСИЈА ЈУГОТ“



Гевгелија го „Вкуси југот“ со многу музика, прекрасна забава и богата понуда на локални вина и храна. За првпат, на 15,16 и 17 септември годинава, во Гевгелија се случи Фестивал на храна и вино од прекрасното јужно поднебје. Проследен со богата и разновидна музичка програма, наменета за сите возрасти и генерации. Фактот дека Фестивалот за три дена го посетија над 8.000 посетители, недвосмислено зборува дека „Вкуси го југот“ на гевгеличани им понуди нешто ново, досега невидено и невообичаено. Што е уште позначајно им овозможи едно фестивалско другарување и радување на убавите нешта што ги има ова поднебје.



Поставените цели од страна на организаторот- Општина Гевгелија и имплементаторот „Крафт“ Продукција, но и бројните изведувачи и други чинители, беа исполнети. „Вкуси го југот“ им даден посебен белег на културно- уметничките збиднувања во Гевгелија, но и пошироко, во регионот. Истовремено, го промовираше домашното производство на храна и пијалоци, но и уникатни и автентични производи од овој регион. Нема сомневање дека преку „Вкуси го југот“ Гевгелија се промовираше не само пред своите сограѓани туку и пред бројните гости, како гостопримлива и значајна туристичка дестинација.

Три дена игралиштето кај ООУ„Владо Кантарџиев“, каде беа поставени 20 големи шатори, беа опседнати од гости. Над 50 изложувачи, меѓу кои производители на пијалоци, на храна, како и на ракотворби и уметнички предмети, подготвија богата понуда. На мегасцената, опкружена со ѕид од деца, млади и сите други посетители, настапија повеќе од 20 изведувачи, на локални и најпознати македонски музички имиња. За најмладата публика беше подготвена посебна детска програма со кловнови и магионичари, како и омилените песни од Детскиот фестивал „Калинка“. Посебен интерес предизвика дефилето на олдтајмери од повеќе клубови од Македонија и од еден клуб од Србија.



**Фејсбук- коментари**

• БИЛЈАНА МАНДАЛОВА: Многу убаво беше. На Гевгелија и фалеше ваков настан. Браво за покровителот и организаторот.
• ЉУПЧО ЦАЛЕВ: Гевгелија 30 години не памти ваков настан! Браво!!
• ВИОЛЕТА ПЕТКОВСКА: Многу убав настан. Гевгелија заслужува! Браво!
• СНЕЖАНА ЧУРЛИНОВА: Браво за организацијата на овој настан, ова нека ви биде мотивација за уште манфистеации.
• ГОРГЕ КОЦЕВ: Гевгелија е европски град! Со спортски активности цело лето, а сега и со музички манифестации, така и треба во лето.





Младата публика уживаше крај мегасцената во своите омилени звезди, а за време на настапот на ДНК, младата и талентирана Слободанка Арнаудова од Гевгелија со својот моќен глас го привлече вниманието на Панчо, кој и го даде микрофонот, а потоа и ја покани на сцената. Бестрашната Слободанка, со големите хитови на ДНК „Срце“ и „Што сака нека биде“ и хорска придружба од илјадници гласови, предизвика вистински овации кај публиката. Според многумина им го „украде“ шоуто на ДНК. Меѓутоа, беше најдобра потврда дека илјадници посетители уживаа во фестивалот „Вкуси го југот“.

Фестивалот „Вкуси го југот“ стартуваше со КУД „Бојмија“, а веднаш потоа, настапи шпанската група „Инфузиона 2“, којашто загревањето на публиката го започна со традиционална шпанска музика со модерни ритми. Потоа, следуваше настапот на етнобендот „Баклава“, а веднаш потоа бројни аплаузи измами популарниот македонски фолк-пејач Миле Кузмановски. Звезди на вечерта, секако, беа Драган Спасов- Дац и Александар Митевски, кои ги воодушевија гевгеличани. Меѓутоа, настапот на шоуменот Игор Џамбазов со „Гуру Харе бенд“ предизвика воодушевување кај публиката. Вториот ден од Фестивалот им припадна на олдтајмерите, за



да продолжи со КУД „Кавадарци“, со Ристо Стојанов и неговиот бенд, младиот гевгелиски бенд „Фониа“ и миленикот на помпладата публика- познатиот Пајак. Адреналинот кај публиката го подигнаа легендарните Роберт и Панки од „Куку леле“, забавата ја продолжи ДНК, којашто кулуминираше со настапот на „Некст тајм“, чии хитови ги пееја сите на глас.

Во недела, третиот фестивалски ден стартуваше нападне со ревија на песните изведени на Детскиот фестивал „Калинка 2023“. Потоа, настапија младите гитаристи, кои макотрпно работеа под менторство на Коце Динев од „Зијан“ и учениците од Училиштето за тапани на Моки. Пејачите од „Евро порта Фест“ и танчерската група



„Мистик денс“ ја загреаја најмладата публика, како и уличниот перформанс „Баскер Фест“. Вечерната забава започна со настапите на КУД „Негорци“ и КУД „Браќа Толеви“, гевгелискиот состав Моки, Марија и Крџе, Анета Ристова- Василева и енергичните „Брас брадрс“. Завршното шоу им припадна на Ружица од „Ареа“ и „Суперхикс“, кои ја „запалија“ публиката. Посебен дух на фестивалот му даде познатиот актер Сашо Коцев, кој на својот препознатлив начин ја водеше програмата. Додека, со аплаузи беа проследени настапите на омилениот гевгеличанец Дејан Малзарков- Диверзија со своето стендап хумористично шоу.



- Ваква манифестација и недостасуваше на Гевгелија, беше заедничката констатација веднаш по Фестивалот и по сумирањето на впечатоците, потврдена и на постфестивалската средба на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, со сите учесници и чинители на манифестацијата. Едногласна беше оценката за одличната организација, имаше и предлози за нови содржини на вториот Фестивал „Вкуси го југот 2024“, но и укажувања за недосататоците и проблемите кои треба да се коригираат. Гевгелија направи значаен исчекор во унапредувањето на својата културна традиција. Фестивалот „Вкуси го југот“ продолжува да живее и да носи нови доживувања. Што е најважно да го афирмира ова прекрасно поднебје, неговите туристички и производнин потенцијали. Но, и да ги зближува луѓето, како што доликува на еден европски град.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ИНВЕСТИЦИСКИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ



Гевгелија, изминатово лето, ја зафати вистински инвестициски бран. Финиширани се повеќе инфраструктурни капитални проекти, а започнати и нови инвестициони зафати. Во прв ред, за подобрување на комуналната и патната инфраструктура во општинскиот центар, и во сите населени места и, воопшто, на условите за живеење. Без разлика дали се работи за зафати започнати пред година- две или пак сега, многу поважно е дека бенефитите од овие проекти ќе ги почувствуваат граѓаните на општина Гевгелија.

Финишираа изведбените работи за подобрување на комуналната инфраструктура, а со тоа и реализацијата на проектите финансирани со германскиот грант. Јужниот дел на Гевгелија е целосно покриен со атмосферска канализација. Негорци и Прдејци по долги години конечно добија квалитетно водоснабдување: се приклучени на гевгелискиот водоснабдителен систем. Дополнително, гевгелиските сообраќајници - улиците: „Железничка", „Димитар Влахов", дел од „Маршал Тито", „Св. Кирил и Методиј" и „Илија Минов" се целосно обновени и асфалтирани.

Со летната акција за бетонирање на улици и краци, уредени се повеќе мали улици и краци во населените места: Миравци, Петрово, Ново Конско, Мрзенци и Негорци. По подолго време, обновена е и локалната патна мрежа во туристичките населби Смрдлива Вода и Конско. Со тоа значително се подобрени условите за туристички развој на овие се поинтересни туристички населби. Бетонирањето на улици и краци продолжува и во другите населени места согласно Програма за уредување на локални патишта во Општина Гевгелија за оваа година. За одбележување е и почетокот на изградбата на патот во месноста Топлик што е предуслов за реализација на веќе предвидениот спортско- рекреативен центар во ова месност, во непосредна близина на Гевгелија.

По големата акција за уредување и обновување на спортските терени и детските игралишта во Гевгелија, летово уследи и уредување на детските игралишта во Негорци, Прдејци и Богородица. Со ова, на најмладите во овие населени места им се обезбедени услови за спортување и рекреирање. Всушност, крајната цел е во сите населени места да бидат уредени вакви детски игралишта и на тој начин да се обезбеди за децата во целата општина простор каде што ќе можат да го минуваат слободното време.

Грижата за младите, но и, воопшто, за подобрување на условите за живот во населените места најдобро ја потврди и акцијата за обнова на старите и напуштени Домови на културата. Младите и, воопшто, граѓаните на Богородица добија целосно обновен и уреден Дом, а во Моин започна реконструкцијата на Младинскиот дом. Со овие зафати, пропаднатите и одамна напуштените селски домови повторно ќе бидат оспособени и подготвени за организирање и одржување на културни и други општествени настани во овие населенио места. Каков што е случајот со напуштениот објект на поранешен ЗИК „Винојуг", којшто целосно е реновиран и повторно достапен за активностите на пензионерите и, воопшто, активностите на граѓаните на Богородица.

Ваквите зафати и проекти се реализирани или започнати само во текот на летните месеци што несомнено зборува за настојувањата на Општина Гевгелија да се интензивираат инвестиционите активности, коишто директно ќе влијаат на условите за живот во сите населени места. Почнувајќи од разрешување на досега нерешените проблеми со водоснабдувањето, патната инфраструктура или пак уредувањето на самите населени места. Што се однесува до Гевгелија, покрај тековните инфраструктурни зафати, секако, од посебно значење е покривањето на една третина од градот со атмосферска канализација.

За одбележување е што овие зафати и натаму продолжуваат, а по аплицирањето на Општина Гевгелија за Програмите на ЕУ, УНДП, УСАИД, бенефитите од предложените проекти допрва се очекуваат. Уште повеќе што Општина Гевгелија за реализација на сите проекти со меѓународна или домашна финансиска поддршка обезбедува сопствено учество што е несомнена потврда за финансискиот капацитет на Општината и општинскиот буџет да го следи инвестициониот развој. Затоа, и од страна на меѓународните институции, Општина Гевгелија се прифаќа како редовен и сериозен партнер.

**Усвоен Кварталниот извештај за првото полугодие**

# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ СО УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2023

На 30. седница, Советот на Општина Гевгелија со мнозинство гласови го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, за периодот 1 јануари - 30 јуни (кумулативно) 2023 година. Во овој период, од вкупно проектираниот Буџет на Општина Гевгелија за 2023 година, во висина од 592.670.290 денари, реализирани се вкупно приходи во висина од 293.881.548 денари или 49,59%, од кои тековно оперативни приходи 269.265.022 денари и 24.616.526 денари капитални приходи. Додека, реализирани се вкупно расходи во висина од 254.954.208 денари, од кои 220.595.402 денари се тековно оперативни расходи и 34.358.806 денари капитални расходи. Во Основниот буџет, од планираните 286.926.489 денари реализирани се 154.682.628 денари приходи или 63,70%. Додека, во структурата на реализираните расходи на Основниот буџет во висина од 119.818.801 денар, капиталните расходи учествуваат со 34.152.885 денари или 28,51%.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, се осврна на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија во второто годишно тримесечје:

## БУЏЕТОТ ЗГОЛЕМЕН ЗА 5,8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година од вкупниот износ 592.670.920 денари е зголемен за 5.882.222 денари. Со измените и дополнувањата, усвоени на 30. седница на Советот на Општина Гевгелија, вкупниот износ на Буџетот е утврден на 598.552.512 денари. Зголемувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година се однесува на зголемување на приходите на Основниот буџет за 3.674.892 денари, пренесен вишок на приходи од претходната година и зголемен приход за донации за 2.207.330 денари.

Овие средства во висина од 5.882.222 денари се пренесуваат на програми и ставки во Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Со измените и дополнувањата, во Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, капиталните приходи во вкупната структура учествуваат со 27.650.000 денари или 4,62%, додека капиталните расходи со 32,39% или 79.830.242 денари, што е показател за задржување на развојната компонента на Општина Гевгелија преку извршувањето на општинскиот буџет за 2023 година.



- Заклучно со 30.6.2023 година, во Основниот буџет имаме реализација на 154.682.628 денари или 63,70% од планираните средства, додека на расходната страна имаме реализација од 119.818.801 денар или околу 47,00% од планираните средства за 2023 година. Околу 38 милиони денари се пренесуваат средства од вториот во третиот квартал. Во однос на капиталните расходи, имаме 34.152.885 денари или 28,15% што е солиден процент на реализација во однос на процентот од минатите години, а од друга страна имаме плус средства коишто се пренесуваат и ќе се реализираат за капитални инвестиции. Во однос на приходната страна, има покачување на ставката од наплата на данок на имот за околу 4,5 милиони денари за разлика од минатата година.

Исто така, имаме зголемување на приходот во делот на уредувањето на градежното земјиште за 40 милиони денари споредбено со минатата година. Зголемување на приходите има и од продажбата на градежно земјиште во износ од 24.000.000 денари. Што се однесува на расходната страна, зголемени се другите оперативни расходи заради доспеани обрвски од ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија и други трансфери за подмирување обврски кон Центарот за развој на Југоисточен Плански Регион. Со што намалени се обврските околу 30.000.000 во однос на минатата година, нагласи Сарамандов.

Саемот ЛАГ Експо 2023 во Гевгелија

# ПРОМОЦИЈА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

- Локалните акциски групи (ЛАГ-ови) од нашата, како и од земји од Западен Балкан и земји-членки на ЕУ ги претставија своите иницијативи и дискутираа на теми кои ги засегаат руралните заедници

Во Гевгелија, се одржа вториот по ред Саем за промовирање на локалниот развој – ЛАГ Експо 2023, којшто е единствен од ваков тип во државата. Саемот се одржа на платото пред и во големата сала на Народниот театар во Гевгелија, во организација на тимот на Програмата на УСАИД за развој на заедницата, имплементирана од Мрежата за рурален развој на Северна Македонија, а во соработка со ЛАГ „Бојмија“ за општините Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово, којашто беше домаќин на манифестацијата. Низ презентации и панел дискусии претставници на Локалните акциски групи (ЛАГ-ови) од нашата, како и од земји од Западен Балкан и земји-членки на Европската Унија ги претставија своите иницијативи и дискутираа на теми коишто ги засегаат руралните заедници. Покрај тоа, на саемската изложба со свои штандови, производи и активности се претставија и повеќе од 40 членови на неколку ЛАГ-ови кои доаѓаат од приватниот и граѓанскиот сектор.




На саемот се обратија советникот за рурален развој од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски и претставникот од општина Гевгелија, Трајче Арџанлиев, кои ја истакнаа важноста на партнерствата помеѓу различните сектори и потребата од поддршка и активност на ЛАГ-овите. Претседателот на Мрежата за рурален развој на Северна Македонија и Балканската мрежа за рурален развој, Петар Ѓоргиевски, додаде дека е потребно да се слушне гласот на руралната заедница и да се вложува во развој на заеднички иницијативи за подобрување на локалната инфраструктура, економија, образование и целокупниот квалитет на живот на граѓаните од земјата и регионот.

Целта на ЛАГ Експо 2023 беше споделување искуства на домашните и регионалните Локални акциски групи, согласно LEADER пристапот како дел од политиките за локален, рурален развој. Исто така, локалните производители имаа можност да се поврзат со претставници од повеќе индустрии и дејности што ќе придонесе за воведување на нови бизнис- практики и нови соработки. Се очекува овој саем да прерасне во традиционална годишна активност во источниот дел на државата, којашто ќе го стави на мапата на успешни приказни од регионот и ќе биде носител на развојот на технологијата, иновациите, етичките бизнис- практики и развојот на човечки ресурси, истакнаа организаторите.

Во рамки на ЛАГ Експо 2023 се организираше и саемска изложба, каде 40 членовите на ЛАГ-овите Бојмија, Беласица-Огражден, Малеш-Пијанец, Абер 2015 и Плачковица ги претставија своите производи, рачни изработки и иницијативи. Од Општина Гевгелија, на штандовите за промоција беа опфатени 6 учесника: Гордана Петрова со керамички сувенири, Маја Ѓуровиќ со рачни изработки со полудраги камења и монистри и Митра Ристовска со рачни изработки од разни материјали и техники, додека „Макавеи“, Пчеларската фарма „Бекарови“ учествуваа со промоција на пчелни производи. Кристијан Алчинов, покрај пчелните производи, беше промотор и на апи-терапискиот центар „Ристо Алчинов“.

## ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА АПЛИЦИРА СО ПРОЕКТ ЗА НОВ УРБАН ЗЕЛЕН ПАРК

Општина Гевгелија аплицира со Проект за изградба на нов урбан зелен парк со урбана опрема и одредени содржини на отворениот Јавен повик за финансирање на предлог-проекти за инвестициони активности од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија. За таа цел, од страна на Советот на Општина Гевгелија, на 31. седница, беше донесена Одлука за аплицирање на Проектот, имплементација и обезбедување оддржливост. Овој проект произлезе од соработката на Општина Гевгелија и Општина Сапарева Бања, Република Бугарија, потврдена со потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Општина Гевгелија заедно со Граѓанското здружение од областа на животната средина „Виртуелен инкубатор за иновиации и нови технологии - Винт Гевгелија“ од македонска страна и Општина Сапарева Бања, како водечки партнер во Проектот.

Специфичната цел на овој Повик на ИПА - ППС е пдобрување и зачувување на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучително во урбаните средини и намалување на сите форми на загадување“. Тргнувајќи од ваквите цели, Општина Гевгелија на повикот аплицираше со Проектот за изградба на нов урбан зелен парк кај Топлик. За таа цел, беше изработен Проект за уредување на просторот во оваа рекреативна зона крај Гевгелија. Средствата за овој Проект се обезбедуваат од ЕУ (ЕРДФ И ИПА Фондови) и Национално кофинансирање од 15% од Министерството за локална самоуправа.

**Средба на градоначалникот Андон Сарамандов со министерот за правда, Кренар Лога**

# ИТНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО УПРАВАТА ЗА ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ И АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР ВО ГЕВГЕЛИЈА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари средба со министерот за правда, Кренар Лога и претставничката на Советот на Европа, за време на промоцијата на бесплатната правна помош во Гевгелија. Имено, Општина Гевгелија е една од општините коишто се опфатени во Проектот: „Консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош" во реализација на Советот на Европа и со поддршка од Министерството за правда. На средбата, градоначалникот Сарамандов и министерот Лога станало збор за важната улога на локалната власт во постигнување на заеднички цели, како што е соработката во спроведувањето на бесплатната правна помош и потребите на општината за поддршка од Министерството за правда, со единствена цел – успешно служење на граѓаните, исполнување на нивните потреби и нашите обврски.




Притоа, градоначалник на Општина Гевгелија ги истакна проблемите со коишто се соочуваат гевгеличани во подрачната единица на Управата за имотно- правни работи поради нерешените 5.000 предмети, како и во Подрачната единица на Агенцијата за катастар и недвижности во Гевгелија поради немањето на геодет. Нефункционирањето на овие институции во Гевгелија преставува огромен проблем за граѓаните, имаме голем број нерешени предмети заради недоволно човечки ресурси и катастрофално менаџирање со нив. Како градоначалник на општина Гевгелија, неколкупати ги имам посочено овие проблеми, коишто не се во надлежност на Општина Гевгелија, нагласи Сарамандов.

На средбата, беше разговарано како во најбрз временски период би биле решени овие проблеми, а со тоа граѓаните да добијат навремена услуга. Инаку, бесплатната правна помош е дел од серијата активности за подигање на свеста, поддржани од Европската Унија и Советот на Европа во соработка со Министерството за правда, што ќе се одржат во различни региони во државата, со цел да се промовира користењето на бесплатната правна помош, со посебно внимание на ранливите категории.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ САРАМАНДОВ ВО ПОСЕТА НА ГЕРМАНИЈА ПРЕКУ „ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ"

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, престојуваше во Харз, регион во Германија на покана од тим- лидерот за техничка поддршка на „ЕУ за општините", Клаус Рихтер, по заедничката средба во Општина Гевгелија. Студиската посета е финансирана од EU for Municipalities, којашто има за цел да се пренесат позитивните искуства на општините и организациите во Германија и во општините од нашата земја во областа на: меѓуопштинската соработка, заштита на природата наспроти економската искористеност и улогата и влијанието на претприемачите од приватниот сектор.

Исто така, градоначалникот на општина Гевгелија во текот на студиската посета имаше можност посебно да се запознае и размени искуства за туризмот како посебен фактор за приходи и вработување, посебно за здравствениот и бањски туризам.



- Имавме прекрасна можност да се запознаеме со функционирањето и позитивните искуства во областа на туризмот, којшто е значаен фактор за развојот на локалната самоуправа. Покрај размената на искуства, на средбите и состаноците со претставниците Gosler-Regional Harz Tourizam Asosociation, WiReGo- economic development find и градоначалникот на Bad Laurerber, Rolf Lange, исто така, имавме можност да ги посетиме Локалната противпожарна бригада (Local fire brigade), во чиј состав работат 80 доброволци пожарникари и Националниот парк Wernigerode, истакна Сарамандов.

# СТО ГОДИНИ ФК „КОЖУФ“

Во пресрет и на Денот на македонското востание - 11 Октомври, Гевгелија го чествуваше 100-годишниот јубилеј на фудбалскиот клуб „Кожуф“, со што започнува организираниот спортски живот во Гевгелија. Во далечната 1922 година, неколку ентузијасти и вљубеници во фудбалот го формирале ФК „Кожув“, којшто бил втор по старост регистриран клуб во поранешна Југославија, после ФК „Хајдук“ од Сплит. Првиот официјален натпревар ФК „Кожуф“ го одиграл во пролетта 1923 година со струмичката екипата „Тиверија“, а потоа следуваат бројни натпревари и гостувања во земјата и странство.

- Еден век фудбал во Гевгелија, период во којшто голем број фудбалски легенди и спортски работници беа дел од овој спортски колектив и истите направија ФК „Кожуф“ денес со гордост да го доживее овој јубилеј - 100 години постоење. Се гордееме со она што тие го оставија за нас, а наша обврска и аманет е чување и негување на „Кожуф“. Затоа што ФК „Кожуф“ е гевгелиски бренд, симбол за сплотеност и долгогодишна истрајност. Во иднина, ФК „Кожуф“ ќе мора да ги следи модерните текови во спортот и фудбалот, што значи, да се подобрува од година во година и на фудбалски и на организациски план, истакна во својата честитка по повод јубилејот градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

Прославата на јубилејот започна со прослава на градскиот плоштад во Гевгелија, во организација на Навивачката група „Фантоми Север“, со поддршка од Општина Гевгелија, каде што продефилираа локални пеачи и изведувачи, а беше прикажан и филм за легендите на ФК „Кожуф“. На градскиот стадион, беа одржани ревијални натпревари: во неколку младински категории, помеѓу ветераните на ФК „Кожуф“ и ФК „ Работнички“, а силите ги одмерија и првите екипи на двата клуба. На повеќе спортски работници и активисти од страна на Управата им беа врачени Благодарници за несебичната поддршка и придонес за развојот на фудбалот во Гевгелија.



Навивачката група на „Кожув“, „Фантоми Север“ прославата ја збогати со своето пиротехничко шоу, кое ја “запали“ Гевгелија. Додека, бројни фанови извикуваа „Еден клуб - Еден град“, парола којашто беше исцртана во графит и во иднина ќе ја краси главната трибина, небото над Гевгелија беше обоено во разновидни светлосни шари, а на градскиот стадион факелите го испишуваа јубилејот.

## ДОНАЦИЈА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ЛУНА ПОП- КОСТОВА

Од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година ќе бидат издвоени финансиски средства во висина од 300.000 денари наменети за лекување на Луна Поп- Костова, одлучи Советот на Општина Гевгелија на последната 29. седница. На предлог на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, иницијативата за донација за лекување на 14-годишната гевгеличанка, беше едногласно усвоена од советниците. На Луна Поп-Костова и е потребно итно лекување во Турција поради дијагностицирана спастична целебрална парализа по раѓањето и дополнителна медицинска состојба сколиоза, којашто е во последен стадиум. Во хуманитарната акција за собирање на потребната сума во висина од 65.000 евра за оперирањето на Луна, учествуваа дечиња со продавање крофни, слатки и лимонада, ОО Црвен крст Гевгелија со поставувањето кутии за донации на јавни места, а беа отворени донаторска сметка и телефонски линии на операторите А1 и T-Mobile и електронски уплати за донации преку веб-страницата GoFundme.

**Подобрување на условите во образовните институции**

# ВО ООУ „ВЛАДО КАНТАРЏИЕВ“ ВО ГЕВГЕЛИЈА РЕАЛИЗИРАНИ ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ

Во скоро сите образовни институции во Општина Гевгелија, во пресрет на новата учебна година, реализирани се поврќе зафати за подобрување на условите за престој и настава. Покрај редовните изведбени работи за подобрување на просторните услови, извршени се и повеќе реконструкции и набавена нова опрема. Така, во Основното општинско училиште „Владо Кантарџиев“, пред почетокот на учебната година беа направени повеќе активности коишто имаат за цел подобрување на условите за децата во училиштето. Извршена е реконструкција на подот во Подрачното училиште во Богородица, реконструкција на подните површини во просториjата за продолжен престој, опремување на просториите за продолжен престој на учениците од I, II и III одделение, дезинфекција, дезинсекција и дератизација во централното и подрачните училишта и внатрешно уредување со цртање на ѕидовите внатре во Училиштето.

Според директорката на Училиштето, Ружица Икономова, оваа активност е реализирана со помош на креативен наставен кадар и мотивирани ученици. Притоа, таа изразува голема благодарност до фирмите од приватниот сектор коишто помогнаа за реализацијата на овие активности. Постојаното вложување во образовниот сектор придонесува во создавањето на поквалитетен образовен процес, нагласува Икономова.



Со вакви и слични активности за подобрување на просторните и условите за настава, беа извршени и во другите основни училишта. Од страна на училиштата, беа преземени повеќе активности за обезбедување на сите услови за непречен почеток на новата учебна година, како во набавка на инвентар и потребна опрема, така и во спроведувањето на мерките за заштита на учениците од заразни болести, за што беше извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите матични и подрачни училишта. Всушност, со овие зафати беа пречекани и учениците на стартот од новата учебна година, којашто во сите осносвни училишта и во средннообразовниот центар во Општина Гевгелија стартуваше без никакви проблеми. Активностите се реализираат со заштедените средства од блок-дотациите, но и финансиска поддршка од Општина Гевгелија и општествено- одговорните компании.

# ПРИГОДЕН ПРЕЧЕК ЗА ПРВАЧИЊАТА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на првиот училиштен ден од почетокот на новата учебна година 2023/2024 година, ги посети сите училишта на подрачјето на општина Гевгелија. Притоа, ги проследи културно-уметничките програми, во коишто учествуваа учениците од погорните одделенија, а подготвени за прием на новите 229 првачиња. Традиционално, на сите првачиња им беа подарени ранци со училиштен прибор за успешен почеток во основното образование, обезбедени од Општина Гевгелија.

- Училишното ѕвонче го означи почетокот на учебната година за 229 првачиња во Општина Гевгелија. Ме радува што со прекрасни приредби подготвени од страна на наставниот кадар, а во изведба на повозрасните ученици, беа пречекани новите првачиња. Оваа година, го посетивме секое општинско основно училиште. Изразувам



благодарност до просветните работници за нивниот континуиран придонес и неуморна грижа да ги изнесат на вистинскиот пат нашите идни генерации, истакна градоначалникот Сарамандов. Истовремено, на сите просветни работници и ученици, градоначалникот Сарамандов им посака среќна учебна година и постигнување високи резултати.

**По поставената атмсоферска канализација,**

# ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНИ НЕКОЛКУ УЛИЦИ ВО ГЕВГЕЛИЈА



По завршувањето на изведбените работи за новата атмосферска канализација во јужниот дел на Гевгелија, извршено е целосно ас-фалтирање на неколку значајни сообраќајници во овој дел на градот. Улица „Железничка“ е целосно асфалтирана во вкупна должина од 430 метра. Со тоа, всушност, се завршени сите градежни активности на оваа улица за покривање со патна и комунална инфраструктура. Асфалтирани се и деловите од улиците „Димитар Влахов“ и „Маршал Тито“, како и улицата „Илија Миов“. Со асфалтирањето, овозможено е нормалното функционирање на сообраќајот на дел од овие сообраќајници, коишто се комплетно покриени со комунална инфраструктура.

Исто така, улицата „Јосиф Јосифовски“ целосно е асфалтирана по завршувањето на изведбените работи за новата атмосферска канализација. Улицата „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во должина од 560 метри, се наоѓа во Урбан блок 5.4 и 1.4, крај Градскиот стадион, а по завршените изведбени работи е комплетно уредена со патна и комунална инфраструктура. Уште една значајна сообраќајница во центарот на Гевгелија е целосно комунално и патно уредена - улицата „Свети Кирил и Методиј“ по завршувањето на изведбените работи за атмосферска канализација, е асфалтирана. Ова е уште една улица во должина од 200 метри, којашто беше опфатена со Проектот на Општина Гевгелија за изградба на атмосферска канализација, но и целосно асфалтирана преку акцијата на Општина Гевгелија за подобрување на патната инфраструктура во јужниот дел. Покрај тоа, улицата е целосно пробиена, со што значајно се подобрени условите во одивањето на сообраќајната комуникација, имајќи ја предвид фреквентноста на возила. На одредени делови се изградени и пешачки патеки, а на кружниот тек, кај Градската библиотека, се заменети рабниците.

- Со асфалтирањето на неколку сообраќајници заврши реализацијата на капиталниот проект за изградбата на атмосферска канализација во јужниот дел од градот, но и исполнување на ветеното: улиците по нивното раскопување да бидат целосно асфалтирани со оглед на нивната оштетеност и пред раскопувањето на рововите. Покрај подобрувањето на комуналната, истовремено, подобрена е и патната инфраструктура со средства од општинскиот буџет. Договорна обврска на изведувачот беше санирање на раскопаните делови, но сметавме дека со целосно асфалтирање на овие сообраќајници значително ќе биде подобрена патната инфраструктура, изјави градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Притоа, изрази јавна благодарност до Златко Проданов, кој ја отстапи имотната површина во негова сопственост за целосно пробивање на улицата „Свети Кирил и Методиј“.

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ВКЛУЧЕНА ВО ПРОЕКТОТ НА „КОНЕКТ“ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ



Со потпишувањето на Меморандумот за соработка од страна на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и извршниот директор на Здружението„Конект“, на промоцијата во Скопје, Општина Гевгелија ќе биде вклучена во Проектот: „Здружи се за заедницата“. Имплементацијата на Проектот е резултат на партнерството на Општина Гевгелија со Фондација „Аполонија“ во Гевгелија, „Индиго“ и ЕВН Македонија, а финансирана од УСАИД. По повод вклучувањето на Општина Гевгелија во Проектот на „Конект“, на свеченото потпишување на Меморандумот за соработка, свое обраќање имаше и градоначалникот Сарамандов:

- Добивањето на овој проект ја потврдува заложбата на Општина Гевгелија за мотивирање на граѓаните за поголемо учество во заедницата. Односно, поактивно да бидат вклучени во градењето политики на локално ниво, од нивна корист. Впрочем, така е и досега, со рангирањето на Општина Гевгелија на листата меѓу најтранспарентните локални самоуправи и државни институции заедно со Општина Велес во спроведеното истражување на Центарот за граѓански организации. Вклучувањето на Општина Гевгелија во Проектот на „Конект“ е дополнителен мотив за уште поголема соработка со правните и физички лица од општина Гевгелија.

Целта на Проектот: „Здружи се заедницата“ е создавање на одржливи системи и развој на локалната самоуправа, како и поддршка за формирање и функционирање на инфраструктура за филантропија на локално ниво, и формирање Локални акциони јадра коишто ќе бидат фокусни точки за ангажман на граѓаните и за градење локални партнерства преку мобилна апликација „Комунити“ како алатка за детектирање и решавање локални проблеми. Покрај Општина Гевгелија, со Проектот се опфатени уште 5 општини од државата, коишто ќе ги користат локалните ресурси за подобрување на живеењето во заедницата.

# ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН И УРЕДЕН МЛАДИНСКИОТ ДОМ ВО БОГОРОДИЦА






Богородица доби модерен објект за одржување јавни, младински и културни настани. По целосната реконструкција и уредување на просториите и дворот, Младинскиот дом „Мите Танов - Коми“ во Богородица беше свечено предаден во употреба. На настанот по повод завршување со реализација на проектот, присуствуваа голем број гости, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевге-лија, Андон Сарамандов, кој во своето обраќање истакна:

- Со целосната реконструкција на Домот, реализирано е уште едно барање на граѓаните во Богородица, кои добија навистина прекрасен објект за одржување на културни настани. Но, со овој зафат се заштитува и еден стар објект од минатото. Како Градоначалник на општина Гевгелија, на мештаните и културно уметничките друштва им посакувам да создаваат успешни приказни за идните генерации во овој прекрасен објект. Продолжуваме со работа за остварување на ветеното и реализација на проекти од значење за граѓаните, нагласи Сарамандов.

За реализацијата на Проектот, чијашто вкупна вредност изнесува 10.224.234 денари, Општина Гевгелија издвои 2.044.847 денари од општинскиот буџет, а преостанатите средства се обезбедени од Бирото за регионален развој.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ ВО МОИН



Во тек се градежните активности за реконструкција на Домот на културата во Моин. Со реконструкцијата се предвидени градежни работи, поставување нови електрични инсталации и уредување на санитарни јазли. Вкупната вредност за реконструкција на Домот на културата во Моин, изнесува 13.551.139 денари, од кои 2.138.378 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, а преостанатите од Бирото за регионален развој.

## РЕНОВИРАН СТАРИОТ ОБЈЕКТ НА „ВИНОЈУГ“ ВО БОГОРОДИЦА

Во Богородица, целосно е реновиран стариот објект на ЗИК „Винојуг“ со просториите на Пензионерското здружение. Реконструкцијата опфати комплетно реновирање на кровот, сменета е столаријата, поставен е нов под, а уредени се и санитарните јазли. Исто така, извршено е уредување на останатите внатрешни и надворешни простории. По завршувањето на изведбените работи, објектот беше предаден употреба, во присуство на бројни гости, жители на Богородица, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој ја поздрави успешната реализација на Проектот и дотраениот објект е обновен и уреден во општествено-корисен објект, со средства од општинскиот буџет.



# НОВИ ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ ВО НЕГОРЦИ И ПРДЕЈЦИ

Жителите на Негорци и Богородица добија нови водоснабдителни системи, а со тоа и многу поквалитетно и редовно водоснабдување. Новиот водоснабдителен систем во Негорци беше едно од приоритетните барања на граѓаните во ова населено место. Со изградбата цевководот, во должина од 6405 метри, Негорци е приклучено на водоснабдителниот систем во Гевгелија. Покрај Негорци, изградбата на водоводната линија го опфати и населеното место Прдејци.

Со изградбата на кракот од доводниот цевковод, во должина од 4653 метри, се обезбедува стабилно и квалитетно водоснабдување и на ова населено место. Исто така, изградена е шахта со хидромеханичка опрема, со којашто се остава можност да се регулира доводот на вода. Вкупната инвестиција на целиот зафат изнесува 29.078.119 денари, коишто средства се обезбедени од германскиот грант преку KFW банка, одобрен во 2017 година, а се реализираше 2022 и 2023 година.



Подобрена патна инфраструктура

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРИ УЛИЦИ ВО МИРАВЦИ



Во населеното место Миравци извршена е реконструкција на три улици „Едвард Кардељ", „Иднина" и дел од „Кирил Танев". По големите оштетувања, рехабилитацијата на овие улици се наметна како приоритетна- за подобрување на патната инфраструктура и безбедност во одвивањето на сообраќајот. На овие три улици во минатото била поставена нова фекална канализација, но нивната реконструкција не била целосно реализирана, истакна при увидот градоначалникот Андон Сарамандов.

Вкупната должина на улиците што се реконструираат во Миравци, изнесува 3.425 метри квадратни. Зафатите се реализираат со средства од општинскиот буџет, согласно Програмата за подобрување на патната инфраструктура во Општина Гевгелија за 2023 година.

# РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СМРДЛИВА ВОДА



Во излетничкото место Смрдлива Вода под Кожуф планина, почна обновата на патната инфраструктура. Поведена е акција за бетонирање на улици и краци во ова излетничкото место што е долгогодишно барање на граѓаните и сопствениците на викендички. Имено, заради тешката пристапност на механизација на дел од овие улици, со години беа оставени неуредени.

- Настојувам и давам посебен фокус за решавање на долгогодишни проблеми во сите населени места. Преку Програмата за изградба, реконструкција и рехабилитација на општинските улици, континуирано се решаваат инфраструктурните проблеми на граѓаните и се подобрува квалитетот на нивното живеење. Во наредниот период, согласно предвидените средства во Програмата, ќе бидат опфатени и други улици во истото излетничко место, истакна градоначалникот Андон Саранмандов.

# БЕТОНИРАНИ НОВИ УЛИЦИ И КРАЦИ ВО СМОКВИЦА



Во Смоквица, бетонирани се нови улици и краци, како дел од акцијата на Општина Гевгелија за подобрување на патната инфраструктура во сите населени места. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, изврши увид на изградените улици и оствари средба со месното население во Смоквица. Покрај изградбата на овие неколку улици, во разговорот со жителите Сарамандов истакна дека во наредниот период локалната самоуправа ќе продолжи со инфраструктурни зафати за изградба и на преостанатите улици во Смоквица. Со цел создавање подобри услови за граѓаните, најави продолжување на акцијата на Општина Гевгелија за подобрување на патната инфраструктура и во останатите населени места.

Годинашната акција за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, покрај градот Гевгелија, ги опфати и населените места: Миравци, Петрово, Ново Конско, Мрзенци и Негорци, како и излетничките места Смрдлива Вода и Старо Конско.

# ЗАПОЧНАТА ИЗГРАДБАТА НА ПАТОТ ДО „ТОПЛИК"



Започна изградбата на патот до месноста „Топлик" кај Гевгелија, во должина од 560 метри. Општина Гевгелија со овој Проект: „Пристап до земјоделско земјиште" успешно аплицираше на Јавниот повик на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, по што беа одобрени средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година. Изградбата на патот ќе чини 851.439 денари. Патот е значаен ако се има предвид атрактивноста и потенцијалот на „Топлик" да прерасне во рекреативен центар, којшто ќе го користат граѓаните на општина Гевгелија. За таа цел, веќе е изработен проект, со којшто Општина Гевгелија веќе аплицираше за средства од ИПА- ППС со Бугарија.

# НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО НЕГОРЦИ, ПРДЕЈЦИ И БОГОРОДИЦА

Во рамките на акцијата на Општина Гевгелија за уредување на паркови за деца, во населеното место Прдејци е изградено ново детско игралиште. Поставени се детски реквизити на висококвалитетна гумирана подлога, на површина од 120 метри квадратни. Ова детско игралиште, како и игралиштата во Негорци и Богородица се реализирани преку Проектот за поставување урбана опрема за детски игралишта, финансиски подржан од Бирото за регионален развој, како и сопствено учество од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по изградбата на детските игралишта во Негорци, Прдејци и Богородица, изјави:





- Вложуваме подеднакво за подобрување на условите за живот во сите населени места во општината. Општина Гевгелија продолжува со изградба на модерни и функционални детски игралишта, коишто претставуваат нови рекреативни зони за најмладите. После Негорци, пристапивме кон реализација на новото детско игралиште и во Прдејци, како и во Богородица. Најмалите жители во овие населени места отсега понатаму имаат можност да се забавуваат и социјализираат преку игра на отворено, на новото детско игралиште. Целта на локалната самоуправа е граѓаните од општина Гевгелија да добијат квалитетни услови за живот.

# ИЗГРАДЕНА ВЛЕЗНАТА УЛИЦА ВО СТАРО КОНСКО



Изградена е влезната улица во Старо Конско, којашрто е реализирана со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Зафатот за изградбата на влезната улица се реализираше во пресрет на празникот Свети Илија, патрон на Старо Конско, по којшто повод, Месната заедница на Старо Конско организираше слава. Со зафатот, не само што им е олеснет пристапот на сопствениците на викендички во Старо Конско туку и подобрени условите во патната инфрастуктура како значаен фактор за развој на туризмот, имајќи го предвид фактот дека Старо Конско е одлична дестинација за посета од домашни и странски туристи, со природни богатства и културни знаменитости, како што е селската црква „Св. Димитриј“.

# ЛЕГАЛИЗИРАНИ 5.390 БЕСПРАВНО-ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Заклучно со 2018 година, до Општина Гевгелија биле доставени 5.842 барања од граѓани за утврдување на правен статус на бесправно-изградени објекти, од коишто 5.390 се позитивно решени, а 452 барања се во постапка на решавање. Законскиот рок за постапувања по преостанатите барања е до 3 март 2026 година, по кои се постапува согласно објавените Правилници за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планската документација, како и објавените Правилници за формата и содржината на Записникот за извршен увид, формата и содржината на урбанистичката согласност и формата и содржината на Решението за утврдување на правен статус на бесправен објект. Во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина на Општина Гевгелија најавуваат решавање на преостанатите 452 барања, се разбира, доколу граѓаните ја комплетираат потребната документација или го платат пресметаниот комунален надомест.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА НАБАВИ 3 ЕЛЕКТРОМОТОРНИ ПОМАГАЛА ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ

Општина Гевгелија набави три електромоторни помагала за лица со телесен инвалидитет, членови на Здружението за лица со телесен инвалидитет „Мобилност"- Гевгелија. По завршената тендерска набавка, една електромоторна количка со контролна табла (џоистик), електромоторен скутер и електромоторен приклучок им беа предадени на употреба на корисниците на Меѓуопштински центар за социјална работа во Гевгелија.

- Општина Гевгелија им излезе во пресрет на барањата на лицата со телесен инвалидитет, набавувајќи три автоматизирани колички, за нивно непречено функционирање, во вредност од 418.000 денари, обезбедени од општинскиот буџет. Со ваквиот начин на работа, преку континуирани средби со членовите на Здруженијата на лицата со попреченост, нотирање на проблемите со кои се соочуваат и реализација на нивните барања, продолжуваме со заложбата за нивно активно вклучување во заедницата, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на примопредавањето на помагалата.

Членовите на „Мобилност" изразија благодарност до градоначалникот Андон Сарамандов за реализацијата на активноста и неговата отворена соработка со Здруженијата на лица со попреченост.



# ЦРВЕН КРСТ- ГЕВГЕЛИЈА - ЛИЦЕНЦИРАН ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА ЛИЧНА АСИСТЕНЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

ОО Црвен крст - Гевгелија, по успешното имплементирање на активностите за воспоставување на услугата лична асистенција на лица со попреченост, од страна на Министерството за труд и социјална политика, доби лиценца за давател на услугата. По тој повод, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, ги посети опремените простории во Пионерскиот дом- Гевгелија, коишто Советот на Општина Гевгелија им ги додели на времено користење за давање на услугата на подрачјата на Општина Гевгелија и Општина Богданци. Просториите се опремени за потребите на личните асистенти, со кои Градоначалникот во рамки на посетата оствари средба.

Општина Гевгелија и Општина Богданци се првите општини, коишто, во партнерство со ОО Црвен крст- Гевгелија, ќе започнат со давањето на услугата, во рамки на Проектот на МТСП за подобрување на социјалните услуги на локално ниво, финансиран од Светска банка. Како што е предвидено, на подрачјето на општина Гевгелија услугата ќе ја даваат 10 лични асистенти, а на подрачјето на општина Богданци 2, за вкупно 24 корисника- лица со попреченост.



# „ПОДДРШКА"  ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ПРОЕКТОТ „ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ"

Во рамки на Вториот јавен повик за имплементација на проекти од значење на граѓаните преку ReLOaD2 Програмата, финансирана од ЕУ и имплементирана од УНДП и Општина Гевгелија, Здружението на граѓани „Поддршка"- Гевгелија е добитник на грант за спроведување на Проектот:„Еднакви права за сите". Целта на Проектот е да се подигне јавната свест, препознавање и соодветен одговор и третман на родово-базираната дискриминација во општина Гевгелија. Имено, бројот на пријавени случаи на семејно насилство во институциите расте и родовото базирано насилство е секојдневие како во светот, така и во нашата земја.

Согласно проектните цели, ќе бидат организирани повеќе работилници, на коишто покрај со претставниците од релевантните институции, ќе се работи и со младата популација на возраст од 15 до 18 години. Пред се, заради



запознавање на законската регулатива, препознавање и превенција на секаков вид насилство на дискриминација, како и развивање механизми за заштита на младите во училишната средина и надвор од неа. Во Проектот, исто така, се опфатени и лицата со посебни потреби.

# НОВО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО ЗА ТППЕ- ГЕВГЕЛИЈА

ТППЕ - Гевгелија доби ново противпожарно возило за справување со шумски пожари, чие примопредавањето е извршено со потпишување на Договорот помеѓу градо-началникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, директорот на Центарот за развој ЈИПР, Ѓоко Камчев и командирот Игор Ризов, во ТППЕ- Гевгелија. На Општина Гевгелија, новото возило и е доделено преку Проектот: „Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи- eFIDAR", а во рамки на Interreg IPA Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција - Македонија.

- Новото противпожарно возило, во вредност од 105.000 евра, е добиено како резултат на прекуграничната соработка помеѓу Југоисточниот Плански Регион и Република Грција, Со ова возило, како и со претходно добиеното помало теренско возило - џип преку Дирекци-јата за заштита и спасување по моја иницијатива, очекувам да се зголеми ефикасноста во справувањето со шумските пожари на ТППЕ- Гевгелија, но и да одговори за потребите на ТППЕ- Гевгелија во справувањето со пожари во урбани средини, на подрачјата на општините Гевгелија, Богданци и Дојран што ги покрива ТППЕ- Гевгелија, истакна градоначалникот Сарамандов.




- Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го спроведува овој проект заедно со Регионот на Централна Македонија, Грција и Центар за управување со кризи, Република Македонија. Проектот е финансиран од страна на ЕУ Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција - Македонија, а со ваквата опременост значително се подобруваат капацитетите на локалните противпожарни единици, истакна директорот Камчев.

**Во СОУ„Јосиф Јосифовски",**

# ЗАПИШАНИ 204 УЧЕНИКА ВО ПРВА ГОДИНА

Согласно конечната ранг- листа на запишани ученици во прва година средно образование, од септември, во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, настава следат 204 ученика. Од нив, 87 се определиле за гимназиско образование, а 117 за стручно образование. Од 87 ученика, 25 се насочиле кон изучување на општествено- хуманистичките предмети (комбинации А и Б), од кои 9 за следење билингвална настава на македонско- англиски јазик, а 16 за настава на македонски јазик. Кон изучување на природно-математичките предмети се насочиле 62, од кои 34 за следење билингвална настава на македонско- англиски јазик и 28 за следење настава на македонски јазик.

Од 90 запишани во 4-годишно стручно образование, 25 се одлучиле за стекнување квалификација за хотелско-туристички техничар, 24 за машински техничар за моторни возила, 7 за физиотерапевтски техничар, 9 за гинеколошко-акушерска сестра, 11 за бизнис- администратор и 14 за економски техничар. За тригодишно стручно образование се определиле 27 ученика, од кои 7 ќе се стекнат со квалификација за автомеханичар / заварувач, а 20 за келнер / готвач.



**КРИСТИЈАН АЛЧИНОВ, претседател на Локален младински совет на Општина Гевгелија**

# ДА ИНВЕСТИРАМЕ ВО САМИТЕ СЕБЕ



***- Јас сум пчелар, шахист и каратист, вели првиот човек на Локалниот младински совет, кој е пчелар и сопственик на Апи-тераписки центар „Ристо Алчинов“ и претседател на Здружението на пчелари „Апитоксин“ во Гевгелија***

**Кој е мотивот да си дел од Локалниот младински совет?**

- Како млад граѓанин на овој град и дете на гевгелиското сонце, како јас, така и секој друг, ист или сличен, ја има должноста кон Гевгелија да го даде својот максимален придонес кон развивање на успешно и благодетно општество, положувајќи ја својата лична саможртва во прогресот на Гевгелија во секој аспект. Формирањето на Локалниот младински совет и можноста за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики беа почетна точка за мене да го остварам мојот придонес кон формирањето на здраво тло што младите, сегашни и идни генерации, ќе можат да ги искористат условите и развојот на Гевгелија во место, достапно и усогласено за раст и развој на младинските идеи, култура и претприемништво по светски стандарди.

**Кои се вашите залагања за подобрување на состојбата со младите на подрачјето на општина Гевгелија?**

- Првиот состав на ЛМС на Општина Гевгелија ја има најтешката задача, да го етаблира и постави ЛМС како клучно општинско тело за градење на Стратегијата за младинскиот развој. Самата задача на советодавно тело за млади е импозантна, со што клучната цел е воспоставување принципи на работа и ефективно делување преку Стратегија за млади на Општина Гевгелија, Програмата за работа на ЛМС и акциски план. Секој човек на функција, работник во државните и општинските институции, е слуга на македонскиот народ, така и ЛМС ја има улогата на служител на младите во општина Гевгелија пред соодветните органи на системот. Кога младиот човек во Република Македонија ќе ја разбере оваа суштинска поставка, нашето општество ќе процвета во сите аспекти на секјдневието. ЛМС во својата првична програма, согласно Националната стратегија за млади, приоритетни цели ги фокусира на младинското информирање, младинското учество и образованието како пакет - мерки кои се на мета да бидат коригирани и усовршени во поглед на потребите на гевгелискиот млад човек.

**Каква е одговорноста да се биде претседател на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија?**

- Одговорност е да се биде на која било функција или работно место во општеството. Секако, претседателската функција во ЛМС има своја одговорност и отчетност кон целиот гевгелиски народ, но и пример пред целата македонска јавност. Како и секоја работа која започнува од нулта точка, бара ажурност, посветеност и принципиелност кон сферата на делување, доблест да се биде истраен во почетничките грешки, бебешките чекори кои секогаш резултираат со позитивен исход и чувството на добро завршена работа.




**Каква е перцепцијата за младите во државата?**

- Сведоци сме на легалната миграција на младиот Македонец во другите, претежно западни земји, каде се трага по идеалното оштество. Борбата на денешницата е повратот на „мозокот“, креативниот и професионален млад човек, кој го собрал белосветското искуство и знаење во својата деловна област, да се врати, донесе и имплементира на македонско тло. Една од стратешките цели на ЛМС, а би требало и на секоја власт, сегашна и идна, на локално или централно ниво, е да обезбеди услови, клима и дух за таквиот реверзибилен процес, којшто

е од клучно значење за македонската економија, македонската политика и бизнис-развојот. Премногу млади побегнаа од канцерот којшто пред 30 години ја зафати Република Македонија, време е да им овозможиме пристојни услови и визија за просперитет во нашето општество.

**Што е тоа што и недостасува на Гевгелија, а е од интерес на граѓаните на возраст од 15 до 29 години?**

- Гевгелија има дефицит во три области од младинскиот интерес: образование, претприемнички можности и планинско - рекреативен (природен) активизам. Кога зборуваме за образованието, мислам на формалното, но и на неформалното образование. Во однос на формалното образование, Гевгелија се соочува со недостиг на стручни насоки во средното образование и ограничен избор на високо образование. Во случајот кај неформалното образование, потребно е проширување на спектарот на сите доусовршувања, како академии, курсеви и обуки, коишто покрај online-можноста за



спроведување на некои, за други е потребна пракса и физичко присуство, со што од друга страна апелот за поголем активизам на НВО-секторот којшто делува на подрачјето на Општина Гевгелија, е значаен и неопходен за развојот на младиот човек. Претприемништвото, т.е. бизнис-секторот, има клучна улога во економскиот развој и стандардот на живеење, каде младите за секоја бизнис- идеја и можност се наоѓаат во дезинформираност и бунило, не знаејќи од каде и како да започнат. Должност е на релевантните институции и организации да ја поддржат секоја издржана бизнис- идеја и визија, без притоа да го демотивира и обесхрабри човекот со бирократските лавиринти и процедури кои ветуваат, а не резултираат. Еколошкиот активизам, т.е. планинско-рекреативните активности се од суштинско значење за сопствениот развој, перцепцијата и мотивацијата за младиот човек. Зачувувањето на природата и природните богатства со коишто располага Гевгелија и планината Кожуф, се елементарен дел од битисувањето на овие простори, согледувајќи ги неколкугодишните закани за уништување на Кожуфскиот Регион, кои, за среќа, се елиминираат од потенцијална реализација. Целта е младиот човек да биде во тек, ажурен и информиран за природно-општествените процеси, но и благонаклонет кон природата и убавините, со подготвеност за одбрана и целосно зачувување на природниот капацитет.

**Од каде љубовта на Кристијан Алчинов да се занимава со одгледување пчели и произведува пчелни продукти?**

- Како прво и најважно, морам да ја споменам традицијата за пчеларење во нашето семејство, која датира од 1878 година- чиј основоположник е мојот пра-прадедо Ристо Алчинов од село Конско на Кожуф Планина. Покрај другите дејности како сточарство и дрводелство, го оформил својот пчеларник по принципот на пчеларење во трмки, примитивни кошници за пчели, прво за семејните потребни. Понатаму продолжил мојот прадедо Трајко Алчинов за малопродажни цели, кој прв во овој регион ги поставил темелите на модерното пчеларење - во кошници со подвижни рамки од типот Дадант-Блат, набавувајќи ги сам од Германија, во 1935 година. Најзаслужни за мојата љубов и заложба за македонската медоносна пчела се мојот дедо Ристо Алчинов, кој покрај санитарно-инспекциската служба во претходниот државен систем, го одржувал и развивал пчеларството и бил учител на повеќето денешни гевгелиски пчелари. Како и од мојот татко, Трајко Алчинов, кој професионално се занимавал со пчеларење дузина години и го доусовршил номадското пчеларење во типот Фаррар кошници. Денес, јас и мојот брат, Бруно Алчинов, активно, со харизма и ентузијазам ја развиваме пчеларската традиција во нашето семејство, со производство на сите пчелни продукти, услужната дејност апи-инхалација, но плановите за развој не застануваат тука. Наша цел и визија е да го досигнеме врвот во пчеларењето, усовршување на бизниот со сите примарни и нус-продукти од пчеларството, сето тоа на традиционален, еколошки и одржлив начин.

**Како до идејата да се отвори Апи-комората?**

- Апи- комората, како дел од апи-тераписката дејност, имено, кованица од зборовите "apis" што значи „пчела" и терапија, потекнува од античкиот период, но конвенционалноста ја добива од рускиот народ во почетокот на 1970-тите години. Понатаму се развива во централна Европа, со што ние сме 5. апи-комора во Република Мекедонија која започна со работа во 2022 година и го доби името по нашиот дедо, кој почина истата година на 91-годишна возраст. Апи-терапијата е во склоп со пчеларскиот

бизнис, па така што со мал напор и огромна желба ја проширивме и нашата услужна дејност во рамките на целокупното пчеларство. Подготовките се одвиваа уште многу порано, но пандемијата го пролонгираше почетокот на апи-инхалацијата, но од друга сstана го забрза развојот и работата на центарот, бидејќи апи- инхалацијата го суплементираше процесот на закрепнување кај нашите пациенти од пост-ковид компликациите и последиците. Уште една шанса којашто ни ја пружи Гевгелија, е транзитот на патници, поготово во летниот период, со што девизниот прилив е се повеќе присутен, конкретно во нашата дејност изнесува околу 60% од вкупниот промет. Настојуваме, покрај нашата дејност, да ги вклучиме сите други угостителски капацитети, како и да ги промовираме туристичките капацитети. Комплетната инвестиција досега во пчеларското производство и апи-терапискиот центар е наша лична, но замислете државниот и општинскиот апарат да не биде глув за младинските иницијативи и идеи, тогаш старт-ап решенијата би се лансирале, младите би останале да работат овде, а со тоа значително би прогресирала економијата, побарувачката и општествениот стандард. Генерално, задоволни сме што пред се нашите сограѓани имаат интерес и позитивни искуства со можноста којашто им ја нудиме, да го искусат бенефитот од пчелниот воздух и апи-терапијата во целост, со што ја остваруваме нашата визија, а тоа е здрави навики во секојдневниот живот на луѓето, природното алтернативно лекување и промоцијата на Кожуфското пчелогорје со природните дарови кои ги располагаме.

**Кои се најчести корисници на третманот со вдишување на пчелниот воздух?**

- Многубројни се бенефитите од апи-инхалаторната терапија, со што би го потенцирале лекувањето на белодробните заболувања и имунолошките пореметувања кај човекот. Астма, бронхит, алергија, пост-ковид последици и јакнење на имунитетот се само дел од чудотворноста на вредните пчели работнички кои се добиваат при инхалацијата на пчелниот воздух. Апи-инхалаторната сезона е од почетокот на април до крајот на октомври кога пчелите се во својот развоен ек. Како пример за успешно лекување, би го споменал 2-годишното дете од Англија, кој на своја 3-месечна возраст заболува од Ковид-19 и е хоспитализиран, со што развива интер-хоспитална бактерија, коагулативно-негативна Стафилокока, којашто не дозволува да создаде сопствен имунитет и континуирано е под екстерна имунолошка терапија без позитивен резултат од фармацевтските решенија. Родителите дознале за нашата апи-инхалаторна терапија преку социјалните медиуми и не контактираа за да резервираат термин за инхалација. Ова лето, ја реализираа својата 2. апи-инхалаторна терапија, по којшто резултатите од лабораториските истражувања покажуваат намалување на бројот на бактериските единки, односно n-капсулирање на самата бактерија, претежно од прополисот присутен во пчелниот воздух. Имено, особено горди сме на фактот што англиските матични лекари на пациентот го одобриле и се воодушевени од апи-инхалаторниот третман и покажаа интерес за запознавање со овој метод на лекување и превенција со пчелин воздух.

**Покрај пчеларството, имате ли друга пасија како млад човек?**

- Многу често знам да кажам: „Јас сум пчелар, шахист и каратист.“ За пчеларењето е повеќе од јасно, додека мојот дедо уште од рани години ме научи на феноменалната стратешка игра, шахот, којшто ми помага во соочувањето со препреките и изнаоѓање решенија како од претприемничкиот дел, така и од основните животни активности. Од своја 7-годишна возраст ја започнав мојата карате- кариера и до ден денес ја практикувам, достигајќи I-дан црн појас, мастер- квалификација, со што преминав во тренерска дејност и, искрено, прекрасно е чувството кога се работи со деца и млади каде генерациски се пренесува знаењето и вештините.



**Што би им порачале на младите?**

- Труд и работа. Единственото нешто што ќе не извлече од овој магепсан круг на проблеми и незадоволство, е инвестицијата во самите себе. 3. деценија од 21. век е ера на знаење и умешност. Ако сакаме да се натпреваруваме со врвните технолошки-технички развиени општества, потребно е секој од нас да го усоврши занаетот, вештините и „нафаката“ што би рекле нашите стари, бидејќи Македонија генетски го има тој потенцијал, природна интелигенција и професионалност. Секој млад Македонец мора да работи конкретно во својата област каде што е најдобар, без лутање по разноразни брзопрофитно-ветувачки активности, туку истрајност, доследност и професионализам во својата дејност. Потребно е негување на традицијата, православната вера и македонскиот дух за да ги постигнеме посакуваните цели, како субјективните, така и објективните цели, без песимизам и негодувања, туку великодушност и елан за раст и развој. Младиот човек може и мора.

# „ГЕВГЕЛИСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023“ СО БОГАТА И РАЗНОВИДНА ПРОГРАМА

***- Бројните изведувачи, меѓу кои и младите гевгелиски ентузијасти, претставуваа вистинско летно културно освежување***

Два и пол месеци и ова лето гевеличани можеа да уживаат во бројните и разновидни културни настани. Трите јавни општински установи: Домот на култура „Македонија“, Библиотеката „Гоце Делчев“ и Пионерски дом „Јосип Броз Тито“, под покровителство на Општина Гевгелија, креираа и реализираа богата програма за сечиј вкус. Станува збор за културни настани од разни настани од областа на литературата, ликовната уметност, театарот, музиката.

„Гевгелиско културно лето“ го отвори Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ со поетско-музичката манифестација „Трба, трби гевгелиско“. Инспирирани од колективното богатство на Македонците, а под менторство на Катица Цишева Дупарова, дечињата се претставија со рецитали и музички изведби на народни песни, чии настапи беа збогатени со секвенци од адаптирани фолклорни кореографии, музичка позадина и презентација на македонската народна носија. Гевгелиската публика посебно уживаше во нивната интеретација на цели стихови од 13



народни песни со патриотска, револуционерна, родољубива, социјална и рефлексивна тематика, меѓу кои и гевгелиската народна химна „Трба, трби гевгелиско“. Членовите на Литературниот клуб при ЈОУ Домот на културата, под менторство на Емилија Старделова, и Ансамблот „Бојмија“ со мултимедијалниот настан „Фолклорот и традицијата негувани низ времето“ ја вратија публиката во корените на минатото. Тоа, всушност, беше и завршниот настан на Литературниот клуб во второто полугодие: ретроспекција во битот на македонскиот народ и неговото влијание во создавањето културни обележја на една нација. Ученичките се претставија со читање историографски податоци, како и песни од народното творештво, со инсерти од документарци со фолклорна тематика и настапот на Ансамбл „Бојмија“ со „Влашки игри“.




ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ беше организатор на книжевна вечер посветена на Илија Карајанов по повод 80 години од неговото раѓање. Во воведното обраќање, директорот на Градската библиотека, Стефан Марковски, зборуваше за Карајанов како голем автор од југот, кој особено се истакнуваше, покрај со своето творештво, и со есеистичките текстови за повеќе македонски писатели, како: Анте Поповски, Блаже Конески, Цане Здравковски, Гане Тодоровски, Михаил Ренџов и други. Исто така, Карајанов посвети голем дел од својот опус во рецензирање на дела од младите писателски имиња, рече Марковски. За животописот на Илија Карајанов зборуваа македонските писатели, есеисти и книжевни критичари, Васил Тоциновски и Ефтим Клетников. Избрани стихови од творештвото на Карајанов читаше актерот и режисер Васил Михаил, со пијано придружба на Мими Дучева.

Популарното „Трио Џентлмен“ им приреди уште една возбудлива вечер на гевгелични со нивниот настап на платото пред Народниот театар и прекрасната изведба на популарни евергрини. Дејан Стоев- тенор, Кристијан Антовски- баритон и Јане Дунимаглоски- тенор настапија со класични теми, поп-странски и домашни хитови, канцони и шпански песни. Гевгелиските љубители на убавиот пишан збор пак уживаа со афоризми од македонски автори. Во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, со свои афоризми се претставија: Атанас Крлевски и Кире Василевски од Велес,

Ружа Стоилова, Ленче Стојменова и Јане Атанасов од Кочани и Ацо Ѓоргиев и Ристо Филчевски од Струмица. Настанот беше музички покриен од Теодора Гошева Капсарова- Теда.



Во чест на Тома Манчев, се одржа омаж „По стапките на ... проф. д-р sci Томе Манчев", во чија реализација учествуваа неговите студенти - веќе реномирани музичари. Гевгелиската публика имаше можност да ги слушне компонираните музички дела, под негово менторство поткрепени со визуелизации. „По стапките на… проф. д-р sci Томе Манчев" претставува своевиден омаж на ликот, делото и значењето на неодамна починатиот, исклучителен македонски композитор Томе Манчев, чие мото беше да се создаде високо квалитетно и уметничко дело со моќна експресија, високо ниво на психо-енергија, совршено композициско-техничко обликување. Но, и дело што ќе успее да го „предаде" како граѓанин на Македонија.

Платото пред Народниот театар во Гевгелија блесна во различни бои со делата на гевгелискиот уметник Перо Кованцалиев, кој во рамки на својата ликовна инсталација „Импулси, треперења, одблесоци" им понуди доживувања на гевгеличани со бранувања и треперења преку „Гевгелиско културно лето". Ликовната инсталација ја сочинуваа неколку кинетички објекти кои се придвижуваат со електрични мотори аплицирани на различни метални конструкции што образуваат различни движења.

Во рамките на филмската програма на „Гевгелиското културно лето", Домот на култура „Македонија" премиерно го прикажа филмот во сопствена продукција „Лазаренки". Станува збор за филмска адаптација и приказ на обредот како реликвија за етничкиот предел Бојмија. Филмот содржински обработува вокални нумери и обреди коишто македонскиот народ ги практикувал за време на Лазарова сабота, а успешно ги долувуваат уметници од Академскиот ансамбл „Македонија" при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип со кадри снимани во миравчкото село Петрово, Гевгелиско. Во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев"се одржа предавање на тема: „Историја на македонските жени во 19 век". Низ темата водеше проф. д-р Славчо Ковиловски од Институтот за македонска литература, презентирајќи ги познатите и непознатите македонски жени, коишто оставиле своја трага во книжевноста, во образованието, во револуционерното движење, односно во јавниот живот во Македонија во 19 век.

Вистинско летно освежување претставуваше завршниот концерт на Школата за гитара, што ја основа Општина Гевгелија. Младите гитаристи, под менторство на Костадин Динев, како и Guitar school band, приредија вистинско музичко доживување со изведбата на познати рок- нумери, меѓу кои и легендарната песна на гевгелиската, а и македонската рок-група „Зијан", „Пушти коси". Во рамки на „Гевгелиско културно лето", следеше и целовечерен концерт на Ансамблот за традиционални ора и песни „Бојмија", којшто пред гевгеличани се претстави со кореографски поставки од својот богат репертоар.



Под менторство на Момчило Делев, 12 ученика кои веќе скоро една година го изучуваат ударниот инструмент тапан, пред гевгеличани ја претставија работата на Школата за тапани, којашто функционира при ЈОУ Дом на култура „Македонија". Во програмата за Концертот, беа изведени домашни и странски рок и поп- песни, како и нумери со 7/8 такт. Најзабележителен беше настапот на најмалиот член на Школата за тапани, петгодишниот Димитар Трајков. „Гевгелиско културко лето" заврши со Мултимедијален перформанс на Петар Џон, насловен COLOROGY, збогатен со музичка поддршка од ди-џеј Мартчин. Мултимедијалниот перформанс на Петар Џон, Colorogy, е интерактивно и real time искуство, преку кое гледачите со своите движења ги менуваат проекциите. Colorology или Chromotheraphy е гранка во алтернативната медицина каде светлото се користи во форма на боја и на тој начин се постигнува баланс на енергетското ниво кај човекот.

**На Меѓународниот хорски натпревар во Корушка, Австрија,**

# СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА ЗА ХОРОТ „ГОРТИНИЈА“

Градскиот мешан хор „Гортинија“ од Гевгелија зеде учество на 57. Меѓународен хорски натпревар 2023 година, еден од најстарите Меѓународни хорски фестивали во светот, којшто се одржа во замокот Порсија, во градот Шпитал ан дер Драу, во Корушка, Австрија. Гевгелискиот хор, во текот на своето претставување на Фестивалот, имаше седум настапи, од коишто три во официјално претставување пред жири- комисија, заедно со врвни хорови од: Америка, Австрија, Тајланд, Шпанија, Словенија и Швајцарија, три пред поширока публика во Шпитал и еден настап во Милштад, каде бројната публика уживаше во изведбите на хоровите коишто ја претставија автентичната музичка панорама на својата земја. Според рангирањето на жирито, од двете натпреварувачки категории, прво место освоија американските хористи (Mt. San Antonio College Chamber Singers, Walnut, USA), втори беа хористите од познатиот словенечки хор (Akademski pevski zbor Tone Tomšič, Ljubljana, Slovenija), а трети Шпанците (Camerata Lacunensis, Spain).



Хорот „Гортинија“ беше награден со Специјална награда за креативен потенцијал, од организаторите и од публиката, а наградата содржеше паричен износ од 1.000 евра. Настапот на хорот „Гортинија“ беше своевиден подвиг- да се настапи на сцена со водечки светски ансамбли, со виртуозни изведби и беспрекорно- извежбани и посветени уметници, а притоа да се добие и признание за сопствениот ангажман, е двигател и мотив за во иднина, изјави по враќањето диригентот и раководител на хорот „Гортинија“, Илија Атанасов.

# ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ НА „БОШ“ ФЕСТИВАЛОТ

15. издание на „Бош Фестивал“ во Гевгелија, којшто се организира во сеќавање на уметникот Бошко Бозаџиев од Гевгелија, и годинава донесе интересни мултимедијални содржини. Сликарски перформанси, музика, поезија, документарни филмови и видеоинсталации, изложби, изложби на стрип-табли и монотипии и други форми на интердисциплинарни и неконвенционални уметнички случувања беа дел од активностите од дводневната програма за годинашниот „Бош Фестивал“, одржани во Народниот театар-Гевгелија и на стариот Градски пазар во Гевгелија. Јубилејното 15. издание беше посебно одбележано со скулптура, извајана од гевгелискиот уметник, Александар Јанев, а поставена во Народниот театар во Гевгелија. Изработена од дрво и метал, со симболи коишто го означуваат ликот и делото на Бозаџиевски, но и самиот Фестивал.

Покрај учеството и настапите на еминентни уметници како од државата, така и од Србија и Франција, впечатливи настапи и промоција на дела од об-ласта на книжевноста и ликовната уметност имаа гевгеличаните: Стефчо Стефанов, Стефан Алијевиќ, Анамарија Митриќеска - Кал’чева, Марија Ќорнакова и Ице Капсаров.



# Е-ИЗДАНИЈА НА ДЕЛА ОД РОДНОКРАЈНИТЕ АВТОРИ

Градската библитека „Гоце Делчев“- Гевгелија веќе има своја официјална веб-страна, на којашто граѓаните ќе имаат можност да ги следат активностите на Библиотеката, како и да најдат одредени информации што им се најпотребни. Преку веб-страната и Проектот: „Дигитална библиотека“, ќе биде ставен фокус врз сето она што го конституира Роднокрајниот оддел, ќе се објавуваат дела во електронска верзија од автори од различни генерации со гевгелиско потекло, а ќе се промовираат и значајни автори за македонската литература пред гевгеличани, вели Стефан Марковски, директор на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“. Во моментот, новата веб-страна располага со пристап до изданијата „Метрички карван“ https://bibliotekagevgelija.com.mk/.../metricki-karvan/ и некои изданија од автори со потекло




од Гевгелија и гевгелискиот крај: https://bibliotekagevgelija.com.mk/.../rodnokrajni-avtori/, со најава дека претстојниот период ќе се работи на дигитализација и на други изданија од овој оддел.

**Богата летна спортска сезона**

# ВО ЗНАКОТ НА СПОРТСКИТЕ ТУРНИРИ

Летната спортска сезона во општина Гевгелија беше во знакот на неколкуте спортски турнири. На спортското мултитифункционално игралиште во склоп на ДТВ „Партизан“- Гевгелија, се одржа 1. Меморијален турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“. По одигрувањето на натпреварите во финалето, официјално беше затворен четиринаесетдневниот турнир, во организација на ЗГ Навивачка екипа „Фантоми Север“- Гевгелија. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и синот на Никола Гелебешев, на чиј татко беше и посветен Турнирот, Коста Гелебешев, им ги врачија наградите на победничките екипи честитајќи им за постигнатиот успех и изразувајќи им благодарност на сите учесници на Турнирот и оддадената почит на долгогодишниот голман и тренер на ФК „Кожуф“.

- На мое и на задоволство на гевгеличани, изминатите две недели, ДТВ Партизан беше исполнет до последното место. Најмладите од повеќе генерации учествуваа на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ и ги разгалија срцата на публиката. Благодарност до Навивачката група „Фантоми“ од Гевгелија за прекрасната организација на настанот,честитки за сите учесници. Верувам дека фудбалскиот турнир „Никола Гелебешев“ ќе стане традиционален, со целосна логистичка и финансиска поддршка од локалната самоуправа, истакна во своето обраќање градоначалникот Сарамандов, на кого „Фантоми Север“ му врачи плакета за поддршката во реализацијата на овој турнир.

Инаку, од екипите генерација 2013/2014, првото место го освоија екипата на „У-10“ - Гевгелија, второто - „Пенови Инженеринг“, а третото - „Агро Бојмија“-



Валандово. Во генерацијата 2011/2012, првопласирани се „КМХ Валандово“, второпласирани - „Кожуф 1“, а третопласирани - „Кожуф 2“. Првото место им припадна на екипата „Скара бар Тире“, којашто се натпреваруваше од генерација 2009/2010, второто на „Кафе бар Корзо“, а третото на „Месарница Маја“- Гевгелија. Додека, од екипите, генерација 2005/2008, први се „Мики Џа Гевгелија“, втори - „ЛПФ Кабрела“, а трети - „Барози бар“- Јосифово. За најдобар играч на Турнирот, е прогласен Ристе Миленковиќ, за најдобри стрелци се прогласени Филип Лазаров и Давид Ашовалиев, а најдобри голмани - Милан Савов и Мартин Делиманов.

Годишни победници на Турнирот во мал фудбал „КМФ Млади“ во Миравци е екипата на „Баламов Компани“ во сениорска конкуренција. Второто место им припадна на „Црна Река Возарци“, третото на „Алупласт Васил Јосифово“, а четвртопласирани беа „Стамков Трејд Гевгелија“. За најдобар голман на Турнирот е прогласен Валентино Милков од победничката екипа на „Баламов



Компани“, титулата најдобар голгетер му припадна на Слободан Дуков од „Стамков Трејд“, а најдобар играч е Ѓорги Стрезовски од „Црна Река“. На миравчкиот Турнир во мал фудбал, учествуваа над 30 екипи во јуниорска и сениорска конкуренција. Не изостана и традиционалната крводарителска акција во соработка со ОО Црвен крст-Гевгелија, на којашто наградата велосипед ја доби Виктор Вегов, како најсреќен крводарител. Долгогодишен организатор на Турнирот во мал фудбал е ЗГ „КМФ Млади Миравци“- Миравци.

На двете игралишта во спортскиот комплекс „Мирата“ во Богородица, беа одиграни натпреварите помеѓу пријавените 22 екипи во генерациски категории: 2011, 2012, 2013 и 2014 година на годинашниот Меморијален турнир во мал фудбал „Мирче Костов“ во Богородица, во организација на ЗГ „Ангелов“- Богородица. Победник во категоријата Генерација 2014 беше „Џокер Фурка“, второпласирана „Победа Валандово“, а „Вардарски Богданци“ третопласирана. За најдобар голман беше прогласен Тео Стамов, за стрелец Матеј Атанасов, а за играч Христијан Ѓорѓевиќ. Од екипите Генерација 2013, трето место го освои екипата на „Победа Валандово“, второ место екипата на „У-10“, а прво место го освои екипата на „Фудбал Старс - Кочани“ За најдобар голман е избран Дамјан Стоилков, за најдобар стрелец е избран Илија Цуклев, а за најдобар играч- Саше Бојков.

Првопласирана од екипите во категорија Генерација 2012 е „Месарница Купанов“, второ „Џокер Фурка“, а третопласирана „Победа Валандово“. За



најдобар голман е избран Златко Наков, за најдобар стрелец е избран Душан Петров, а за најдобар играч е избран Филип Лазаров. Од фудбалските екипи коишто се натпреваруваа во категоријата Генерација 2011, трето место го освои екипата на „Победа Валандово“, второ место екипата на „Месарница Купанов“, а првото место го освои екипата на „Борец Велес“,, За најдобар голман е избран Никола Карагонов, за најдобар стрелец- Мартин Гогов и Михаил Бодев, а најдобар играч- Марко Грбиќ

# ТРЕТ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО БАСКЕТ „ИВАН ПЕНОВ“

Во чест и продолжување на споменот на Иван Пенов, на игралиштето кај Детската градинка „Цветови“, се одржа третиот по ред Меморијален турнир во баскет. На годинашниот Турнир, се натпреваруваа 12 сениорски, 14 јуниорски и 2 женски екипи. По тридневното одмерување на силите, беа прогласени најдобрите екипи. Победници во Јуниорска категорија се Pelagonia Tiric, Casino Flamingo во сениорска и Red Tigers во женска категорија. Во натпреварот за шут од 3 поени најдобар беше Живко Старделов, за најдобро забивање наградата му припадна на младиот Јордан Кузманов, за МВП на финалето беше избран Никола Бојчев, додека за МВП на турнирот е избран Филип Аблаков.



Плакетите за постигнатите успеси ги додели градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, заедно со братот на Иван, Андон Пенов. Градоначалникот Сарамандов го изрази своето задоволство за одличната организација на Турнирот, како и од бројката на пријавени екипи што е показател за успешноста на овој спортски настан, на којшто од година во година учествуваат се поголем број млади. За што истакна дека Општина Гевгелија ќе продолжи да стимулира вакви настани, бидејќи се од огромно значење за социјализација на младите и промоција на спортот.

# ПЛАСМАН НА ШК „7 НОЕМВРИ“ ВО ПРВАТА ШАХОВСКА ЛИГА

По враќањето на Шаховскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија од учеството на турнирите од Првенството во Втората шаховска лига, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, беше во посета и оствари средба со членовите во просториите на Клубот. На средбата, Сарамандов им го честиташе успехот на членовите за 4. место и квалификацијата на ШК „7 Ноември“- Гевгелија во баражните игри за Првата шаховска лига. Градоначалникот го изрази своето задоволство





што од основањето на Клубот, по негова иницијатива како вљубеник во шаховската игра, за краток период ШК „7 Ноември“ постигна високи резултати.

На турнирите за Втората машка сениорска лига во шах учествуваа и 9 члена на Шаховскиот клуб „7 Ноември“ - Гевгелија, обезедувајќи квалификации во баражните игри за Првата шаховска лига, коишто се одржаа во хотел „Дрим“- Струга, во организација на Шаховската федерација на Македонија. Првопласирани во Втората машка лига се две екипи од Битола на Шаховските клубови „Стево Патако“ и ШК „Штајниц“.

## ГЕВГЕЛИЧАНКИТЕ ПОБЕДИЈА ВО ВЕЛИНГРАД

Шест учесника на минатогодишниот Музички фестивал „Европорта- Фест“, под менторство на музичкиот педагог Маја Зафирова, учествуваа на годинашниот 13. Меѓународен фестивал за млади изведувачи на популарна музика и танц „Виножито над Клептуза“, којшто се одржа во Велинград, Република Бугарија. Групата се врати со освоени високи награди: Ања Поп-Костова и Слободанка Арнаудова ја освоија Првата награда „Златен медал“, а Ивана Коколанска Втората награда „Сребрен медал“ во категоријата соло-изведба. Додека, во категоријата дуети, Анастасија Зафирова и Ања Поп-Костова се добитници на Третата награда „Бронзен медал“. Ангела Зафирова и Билјана Дуева имаа успешни настапи.



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по повод успешните остварувања на Меѓународниот натпреварар за млади изведувачи на популарна музика и танц „Виножито над Клептуза“ во Велинград, оствари средба со гевгелиските учеснички, на којашто им честита за успехот и им посака поголеми достигнувања, нагласувајќи дека Општина Гевгелија секогаш ќе ги поддржува ваквите активности.

## ИЗЛЕЗЕ ПРВИОТ БРОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ МАГАЗИН „ЈОСКА“

Излезе првото електронско издание на месечниот магазин „Јоска“ на учениците во СОУ„Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија. Во првиот број е поместено интервјуто со директорот Александар Делиџаков, напис за кодексот на однесување на учениците, 5 работи што го прават Дојран посебен, информации за училишни проекти и настани, како и фотографии на Андреј Димов и Борис Ќаев. „Јоска“ е продукт на учениците Ѓорги Новаковски, Марија Упчева и Андреј Димов од СОУ „Јосиф Јосифовски“, кои под менторство на професорот Тони Аврамов, водени од желбата за иновирање, креирање и претставување на своите активности и активностите на училиштето, ќе ги совладуваат новинарските вештини, но и ќе ја информираат пошироката јавност за училишните активности.




## ЛАНА ТРАЈКОВА - УСПЕШНА ШАХИСТКА

Лана Трајкова, член на Спортскиот клуб „Аурора” од Гевгелија, учествуваше на Државното првенство во шах за слепи и слабовидни лица во хотел „Галеб“ во Струга. Во конкуренција на 14 екипи од Македонија, Лана најнапред се пласираше во полуфиналето во женска категорија, меѓу шестте најдобри 6 шахистки. Потоа, таа настапи и во финалето, каде го освои одличното 4. место. Лана Трајкова беше прогласена и за најдобра шахистка до 18 години во женска категорија што претставува голем стимул за нејзината натамошна кариера.



## ВЛАТКО СЕМЕНАКОВ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ

Во Охрид, во организација на Синдикатот на образование, наука и култура, се одржаа спортските училишни синдикални игри во различни дисциплини. Претставникот на СОУ „Јосиф Јосифовски“, професорот Влатко Семенаков, во новата трка - 50 метри спринт, го освои одличното 3. место во конкуренција на 20 натпреварувачи од училишта од повеќе градови во Република Македонија



## ХУМАНИТЕ ДРУГАРЧИЊА НА ЛУНА



Група дечиња од Гевгелија, на плоштадот во градот, организираа штандови за продавање крофни, обетки, облека, мед, слатки, лимонада за собирање средства со коишто, ќе и помогнат на 14-годишната Луна Поп Костова од Гевгелија, девојче кое боледува од тешка болест и за која итно се потребни средства за операција во Турција. Ваквата идеја на малата Марија од Гевгелија, која се испирираше од малата Нина од Нови Сад и ја започна хуманитарната акција за Луна од Гевгелија, наиде на поддршка од малите другарчиња на Луна. Но, и на голем одзив кај гевгеличани.

## РИСТО ОЛУМЧЕВ - НАЈСРЕЌЕН КРВОДАРИТЕЛ



ОО Црвен крст- Гевгелија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина реализираше уште една успешна крводарителска акција. На акцијата, којашто се одржа во Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ во Гевгелија, беа собрани нови 38 единици крв. На оваа крводарителска акција наменета за граѓаните од регионот, Црвен крст- Гевгелија додели таблет-компјутер обезбеден од G-Store Computers Гевгелија на најсреќниот крводарител - Ристо Олумчев.

## НА ПОВИДОК - СПОРТСКИ ПИНГ-ПОНГ КЛУБ



Победниците на Годинешниот турнир во пинг-понг, којштo го организираше ОО Црвен крст-Гевгелија, оствариja средба со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на којашто од страна на градоначалникот беше прифатена иницијативата за основање на Спортски пинг-понг клуб во општина Гевгелија, презентирана од ентузијасти, љубители на пинг-понг спортот, со цел натпреварување во Македонските спортски лиги.
На Дводневниот турнир во пинг-понг, којштo беше со хуманитарен карактер, а се одржа во спортската сала „26 Април“ во Гевгелија, учествуваа 32 натпреварувачи од Гевгелија и соседните населени места. По одигрувањето на 78 пинг-понг натпревари, најдобри беа Кристијан Бојмалиев и Момчило Делев од Негорци во категоријата Поединци. Во категоријата Парови, најуспешни беа двојките на Homemade Негорци и „Моки Мебел“.

## НАСЕ ЕПОВ - ТРЕТ ВО ГУМЕНИЦА



Здружението на тркачки спортови D RASY од Гуменица, под покровителство на Општина Пеонија, соседна Грција, ја организираше 4. Ноќна друмска трка, на 10,5 км, 5,2 км и 1,1 км, на којашто учествуваа над 200 натпреварувачи. На трката на 5 километри настапија тркачите на АК „7. Ноември“, Насе Епов, Кимо Арнаудов и Николчо Костадинов. Насе Епов го освои третото место со резултат од 19 минути и 55 секунди.





















ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk